*ОПШТИНА КАРПОШ*
*ГРАДОНАЧАЛНИК*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11-5565/3
Датум: 23.08.2024
Скопје

Врз основа на член 50, член 22 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со Глава II. Проектни активности точка 2. Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2024 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 1/2024, 2/2024, 3/2024, 14/2024), ), Решение за формирање на комисијата за доделување Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение со бр. 11-1121/1 од 07.02.2024 година и Одлуката за објавување на Оглас за доделување стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение со број 11-5565/2 од 31.07.2024 година, Комисијата објавува:

# ОГЛАС
## за доделување на Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение за 2024/25 година

### I. Услови за доделување стипендија

- Да се жители на општината Карпош (адреса на живеење),
- Потврда од училиштето дека спортистот е ученик во VIII или IX одделение.

### II. Критериуми за доделување стипендија

Спортистот потребно е да има постигнување на индивидуални спортски резултати, потврдени од матичната национална спортска федерација и да се во согласност со календарот на натпревари на националните федерации за периодот од 01.09.2023 година до 31.08.2024 година:

- национално првенство, освоено индивидуално I место (3 бода);
- национално првенство, освоено индивидуално II место (0,5 бода);
- репрезентативец на Македонија, да има учество најмалку на еден натпревар и да се наведе кога, каде и со кого бил натпреварот (да се достави копија од записник, билтен или друг доказ од натпреварот), (3 бода);
- награда за индивидуални постигнување на национално првенство или постигнување на рекорди (3 бода);

Останати резултати, нема да се земат предвид.

## III. Потребни документи

- Биографија на спортистот,
- Потврда од клуб дека е нивен член (фотокопија од спортска легитимација)
- Важечки документ (потврда) издадена од матичната национална федерација за спортските успеси и резултати.

## IV. Висината на стипендијата и рангирање

Висината на стипендијата изнесува 3.500,00 денари и 3.000,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година.
За освоени до 2,50 бода, висината на стипендијата изнесува 3.000,00 денари.
За освоени три и повеќе бода, висината на стипендијата изнесува 3.500,00 денари.

## V. Начин на пријавување

Документите се доставуваат во затворен плик во Архивата на Општина Карпош (барака 2) или по пошта на ул. Радика бр. 9 – Скопје, со назнака „За доделување на Стипендии за талентирани спортисти жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение за 2024/25 година.

## VI. Рок за поднесување на документи

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 06.09.2024 година.
Документите на кандидатите кои не се комплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.

**Напомена**: Еден кандидат може да оствари право само на една стипендија. Кандидатите кои аплицирале - конкурирале за повеќе различни стипендии по објавени огласи (спорт или образование) од Општина Карпош и ги исполнуваат условите за добивање на повеќе од една стипендија, ќе добијат известување од службите во општината и врз основа на сопствен избор ќе се определат за една од стипендиите.

ОПШТИНА КАРПОШ
**Комисијата за доделување Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение**